Државно средно училиште за образование и рехабилитација
ИСКРА
Штип

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА „ИСКРА“ - ШТИП



**Јуни, 2025 ГОДИНА**

**Содржина**


**Вовед ..........................................................................................................................................................3**

**Лична карта - идентфикувања на училиштето ......................................................................................................4**

**Тим за самоевалуација 2020 ....................................................................................................................................6**

**Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата ....................................9**

**1. Наставни планови и програми .............................................................................................................................10**

**2. Постигања на учениците ........................................................................................................................................33**

**3. Учење и настава.........................................................................................................................................................58**

**4. Поддршка на учениците.........................................................................................................................................89**

**5. Училишна клима .......................................................................................................................................................132**

**6. Ресурси.........................................................................................................................................................................149**

**7. Управување, раководење и креирање политика ..........................................................................................182**

**Вовед**

Врз основа на член 64-б, од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25).

Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ДСУ,,Искра,,Штип, **за периодот од 2022 година до 2024** год., (**за учебната 2023/23 и 2023/24 година**) изврши самоевалуација на работата во ДСУ,,Искра,,Штип.

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Самоевалуација има двострука улога:

• Процесот на самоевалуација е размислување на институцијата како колектив и можност за зголемување на квалитетот во било која област која е дел од процесот на самоевалуацијата;

• Извештајот од самоевалуацијата дава информации на тимот за оценување, со акцент на стратешки и квалитетни активности поврзани со работата, во смисла на собирање на податоци кои подоцна ќе бидат корисни во работата.

Во случај на интерна евалуација се оценува моменталната состојба, првенствено во однос на сопствените планови на кои дадената институција претходно ги поставува за себе.

Постапката на самоевалуација се спроведува на крајот на годината, со тоа што во текот на две години мора да се заокружи утврдувањето на квалитетот на работата во целина.

Соработката, ефикасноста и управување со ресурсите се клучните димензии на интерната евалуација. Во овие процеси се идентификуваат параметри за следење, што укажува на успехот на училиште. Со согледување на параметрите на секој процес се добива целокупната слика на одредени области, односно општата состојба на квалитетот на училиштето.

## Лична карта

Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ - Штип е средно училиште со ученички дом за ученици со посебни образовни потреби.

Воспитно образовната институција постои од ноември 1981 год.

Суштината на постоењето на ДСУ„Искра“ Штип е од посебен интерес на републиката и е единствена институција од ваков вид во источниот дел на Р. Македоноија, за згрижување, воспитание, образование и рехабилитација на ученици, младинци со пречки во развојот и посебни образовни потреби.

Право на образовен влез во ДСУ„Искра“ Штип го стекнуваат ученици со :

- Завршено основно образование во основни училишта за ученици со пречки во развојот и посебни образовни потреби;

- Завршено основно образование во редовни паралелки со препорака – наод и мислење од страна на надлежни институции:

- Ученици со препорака од завод за ментално здравје со право за рехабилитација и МКФ.

Во ДСУ„Искра“ Штип се спроведува дејност која се реализира преку адаптирани воспитно образовни планови и програми на ниво на втор степен на стручна подготовка. Образованието е во траење од три години во четири струки: машинска, графичка, текстилна и земјоделско-ветеринарна, каде што учениците се здобиваат со следниве квалификации:

- **машинска струка – помошник бравар – лимар**
- **графичка струка – помошник книгоповрзувач – картонажер**
- **текстилна струка – помошник конфекционер**
- **земјоделско – ветеринарна струка – помошник во растително производство**

Учениците кои не се во состојба да ја следат предвидената настава се вклучуваат во работното оспособување кои работат според наставни планови и програми за работно оспособување во постоечките струки. Образованието за оваа категорија на ученици трае до 24 месеци.

Учениците се распоредени во 14 паралелки од кои: 4 паралелки во прва (I)год., 4 паралелки во втора (II) год., 4 во трета (III) год. во сите струки, една паралелка за Р.О. прва (I) год. во земјоделска струка и една паралелка Р.О. во втора (II) год. графичка струка.

## Наставен кадар

Во ДСУ,,Искра,, Штип се остварува и спроведува теоретска и практична настава чија реализација ја спроведува соодветен наставен кадар. Наставата ја реализираат во две смени 18 наставници.

## Воспитен кадар

Перманентната грижа и воспитување на учениците го спроведуваат седум високо образувани кадри во три смени.

## Стручни соработници

Во стручната служба работат социјален работник, два психолози и два специјални едукатори и рехабилитатори со висока стручна подготовка, чии активности се реализираат според адекватни програми.

## Административен персонал

Во административен персонал припаѓаат следните профили: директор и технички секретар.

## Помошно – технички персонал

Покрај наставно-воспитниот кадар во ДСУ,,Искра,, свој допринoст за успешност во работата имаат и следните служби: домаќин, парноложач-хаусмајстор, готвач, сервирки, хигиеничари, негуватели и ноќен чувар.

**Комисија за изработка на самоевалуација**

1. Марјанчо Арсов - директор
2. Данче Сенева Спасова - психолог
3. Слаѓана Петровска – социјален работник
4. Сандра Михаилова – воспитувач
5. Михајло Јосифовски - наставник

**Тим за самоевалуација 2025**

| 1. **Наставни планови и програми** | **5. Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|---|
| **Весна Ракиќ - наставник по македонски јазик и литература координатор**<br>Благојка Рунчева - наставник по граѓанско образование<br>Сања Спаскова –наставник по македонски јазик и литература<br>Весна Атанасова - наставник по стручни предмети од графичка струка | **Жаклина Нацева – воспитувач координатор**<br>Михајло Јосифовски – наставник по стручни предмети од графичка струка<br>Јулијана Троицки- наставник по стручни предмети од земјоделско ветеринарна струка<br>Јулија Атанасова - стручен соработник специјален едукатор и рехабилитатор |
| **2. Постигнувања на учениците** | **6. Ресурси** |
| **Данче Сенева Спасова – стручен соработник психолог координатор**<br>Ана Живкова - наставник по стручни предмети во текстилна струка<br>Каролина Христова - воспитувач<br>Валерија Ристовска - наставник по математика | **Сандра Михаилова- воспитувач координатор**<br>Александар Митевски – наставник по спорт и спортски активности<br>Трајко Јолев - воспитувач<br>Ангел Арсов -наставник по практична настава во машинска струка |
| **3. Учење и настава** | **7. Управување, раководење и креирање политика** |

| | |
|---|---|
| **Тони Петрушев – воспитувач координатор**<br>Елена Маневска - стручен соработник психолог<br>Марјана Речаноска - наставник по стручни предмети од земјоделско ветеринарна струка<br>Благојчо Анастасовски-–наставник по стручни предмети во машинска струка | **Тоше Тошев – воспитувач координатор**<br>Љупчо Митревски- наставник по стручни предмети во текстилна струка<br>Кујунџиева Јулија- стручен соработник специјален едукатор и рехабилитатор |
| **4. Поддршка на учениците** | **Координатори на самоевалуацијата** |
| **Слаѓана Петровска –** стручен соработник социјален работник<br>Семина Бекир - воспитувач<br>Јасмина Јосифовска - наставник по стручни предмети од графичка струка<br>Никола Костов - наставник по стручни предмети од земјоделско ветеринарна струка | **Марјан Арсов - директор**<br><br>**Слаѓана Петровска - стручен соработник** социјален работник<br><br>**Данче Сенева Спасова – стручен соработник** психолог |

## 2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

**2.1.** За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување, индикатори за квалитет и приоритетите **(табеларен приказ)**.

| **Подрачја на вреднување** | **Индикатори за квалитет** |
|---|---|
| **1. Наставни планови и програми** | • Реализација на наставните планови и програми<br>• Квалитет на наставните планови и програми<br>• Вонnаставни активности |
| **2. Постигања на учениците** | • Постигања на учениците<br>• Задржување/осипување на учениците<br>• Повторување на учениците |
| **3.Учење и настава** | • Планирање на наставниците<br>• Наставен процес<br>• Искуства на ученицит од учењето<br>• Задоволувања на потребите на учениците од наставата<br>• Оценување како дел од наставата<br>• Известување за напредокот на учениците |
| **4.Поддршка на учениците** | • Севкупна грижа за учениците<br>• Здравје<br>• Советодавна помош<br>• Следење на напредокот |
| **5. Училишна клима и односи во училиштето** | • Училишна клима и односи во училиштето<br>• Промовирање на постигањата |

| | |
|---|---|
| | • Еднаквост и правичност<br>• Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница |
| **6. Ресурси** | • Сместување и просторни капацитети<br>• Наставни средства и материјали<br>• Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>• Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>• Финансиско работење во училиштето |
| **7. Управување, раководење и креирање политика** | • Управување и раководење со училиштето<br>• Цели и креирање на училишната политика<br>• Развојно планирање |

## 1.ПОДРАЧЈЕ - Наставни планови и програми

**Работна група :**

1. **Весна Ракиќ - координатор**
2. Сања Спаскова
3. Весна Атанасовска
4. Благојка Рунчева

### 1.1. Индикатор - Реализација на наставните планови и програми
**Ниво: Делумно задоволува**

**Теми:**

**1.1.1. Применувани наставни планови и програми**
**1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**
**1.1.3 Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**
**1.1.4. Избор на наставни предмети**
**1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови**
**1.1.6 Реализација на проширени програми**

### 1.1.1 Применувани наставни планови и програми

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
| --- | --- |
| - Верифицирани наставни планови и програми;<br><br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>- Глобален годишен план за секој наставен предмет;<br><br>- Тематски и дневни подготовки;<br><br>- Е-дневник;<br><br>- Извештај за реализација на годишната програма;<br><br>-Прашалник за наставници; | • Во ДСУ „Искра " - Штип се реализираат наставни планови и програми за втор степен на стручна подготовка:<br>- тригодишно образование за ученици со посебни образовни потреби во четири струки и занимања:<br>- Машинска струка – помошник бравар лимар<br>- Графичка струка – помошник книгоповрзувач картонажер<br>- Текстилна струка – помошник конфекционер<br>- Земјоделска – ветеринарна струка – помошник во растително производство.<br>• Работно оспособување - двегодишно образование и тоа во две струки и занимања:<br>- Графичка струка<br>- Земјоделска струка<br>• Наставни планови и програми се во согласност со програмски документи од БРО, а одобрени од МОН.<br>• Наставните планови и програми се релизираат во пропишан обем со одреден број на часови по наставни предмети (неделен и годишен фонд на часови).<br>• Наставната програма е прилагодена за ученици со посебни образовни потреби и се реализира во зависност од индивидуалните можности и способности на учениците.<br>• Наставниците според наставните планови и програми изготвуваат годишно, тематско и дневно планирање со интегрирање на содржини, очекувани исходи, рефлексија и следења на учениците. Во наставната програма се вклучени и содржини со ИКТ.<br>• Училиштето ги информира членовите на Советот на родители и Училишниот одбор за НПП. |

| | |
|---|---|
| | • Информациите за реализација на наставните планови и програми се разгледуваат на Наставничкиот совет.<br><br>**За Реализација на наставни планови и програми од вкупно анкетирани 16 наставници (9 - ж и 7– м) се добиени следните резултати:**<br>**- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН за што** 93,75 **% од наставниците се согласуваат, а само 6,25 % делумно се согласуваат.**<br>**- Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем за што 100 % од наставниците се согласуваат;**<br>**-** 12,5 **% од наставниците сметаат дека училиштето разгледува мислења од наставниците и родителите и покренува иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми и притоа ги информира МОН, БРО и ЦССО, а** 87,5 **% делумно се согласуваат.**<br>**- Во Годишната програма на училиштето и во годишните и тематските планирања се вметнуваат наставни содржини од еко програмата согласно со точките на акција од сите еко стандарди. Примената на еко стандардите во наставните планови и програми допринесуваат за реализирање и продлабочување на еколошката свест кај учениците со што се согласуваат** 93,75 **% од наставниците, а делумно се согласуваат 6,25 %.**<br><br><br> |


Училиштето  разгледува мислења од наставниците и родителите и покренува иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми и притоа ги информира МОН, БРО и ЦССО
12,5 %
0 %
87,5 %
ДА
ДЕЛУМНО
НЕ


Во Годишната програма на училиштето и во годишните и тематските планирања се вметнуваат наставни содржини од еко програмата согласно со точките на акција од сите еко стандарди
0%
6,25 %
93,75 %
ДА
ДЕЛУМНО
НЕ

### 1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - е-дневник на паралелката;<br>- записник од родителски средби;<br>- дневници за воспитна работа;<br>- записници од Училишен одбор;<br>- флаери | • Наставниците на почетокот на учебната година ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година. Родителите ја имаат можноста да бидат информирани, запознати и со наставните планови и програми, со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат во училиштето преку :<br>- Родителски средби,<br>- Советот на родители,<br>- Училишниот одбор,<br>- Стручната служба и<br>- Воспитувачи;<br>• Нивниот интерес е слаб, а за тоа говори и нивното слабо присуство на организираните родителски средби.<br>• За непречено одвивање на наствниот процес во училиштето присутни се и родители како придружба на учениците со аутизам и со телесен инвалидитет.<br>• Дел од останатите родители се вклучуваат во училишниот живот во активности кои се реализраат по повод одбележување на значајни празници и датуми: приредби, ликовни изложби, новогодишна забава, матурска вечер, хуманитарна акција, посети, излети и екскурзија.<br>• Родителите не се во директна можност да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми, можност за тоа имаат наставниците со користење на активни методи и техники. |

| | |
|---|---|
| | • Во училиштето се почитува Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер со овластено службено лице за контакт. |

### 1.1.3 Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| - наставните планови и програми по наставни предмети;<br>- тематски и дневни подготовки;<br>- дефектолошка проценка; | • Наставните планови и програми во ДСУ „Искра“- Штип се изработени за ученици со посебни образовни потреби. Наставникот ги прилагодува НПП според инивидуалните можности, способности и потреби на ученикот.<br>• Наставниците преку примена на разновидни наставни методи, техники и форми на работа допринесуваат за поуспешна реализација на наставната програма. |

### 1.1.4 Избор на наставни предмети

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| - наставните планови и програми по наставни предмети; | • Според наставните планови и програми изборни предмети нема, сите предмети се задолжителни. |

### 1.1.5 Планирање на активности за реализација на слободните часови

**(проектни активности на училиштето)**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| - наставни планови и програми за слободни часови;<br>- тематски и дневни подготовки за слободните часови;<br>- распоред на часови; | • Слободните часови ги реализира кадар од соодветниот образовен профил по програмата:<br>- „Подготовка за вработување и работа“, ја реализира кадар со здобиен сертификат.<br>- „Весела математика“;<br>- „Познавање на музички инструменти“<br>• Слободните часови се задолжителни за сите ученици. |

### 1.1.6 Реализација на проширени програми

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| - еко програма на училиштето;<br>- записници;<br>- паноа;<br>- фотографии;<br>- изложби;<br>- медумско информирање; | • Во училиштето покрај наставните предмети и слободните часови се реализираат и проширените програми:<br>- Еко програма „ Интегрирање на еколошкота едукација во македонскиот образовен систем“<br>- Проект на УСАИД „Подготовка за вработување и работа“ |
| **1.1.Реализација на наставните планови и програми**<br>**Индикатор за квалитет:** Извештај за реализирана Годишна програма | |

| |
|---|
| **<u>Јаки страни</u>**<br>- наставните планови и програми за ученици со посебни образовни потреби;<br>- наставата ја реализира соодветен стручен кадар со соодветна педагошка и дефектолошка докфалификација;<br>- редовно се води педагошката евиденција и  документација и  е-дневник од страна на сите наставници;<br>- флексибилност во планирањето на наставните содржини и прилагодување на истите согласно способностите на учениците;<br>- редовно се планираат и одржуваат наставните часови, |
| **<u>Слаби страни</u>**<br>- учебници и  стручна литература за наставниците<br>- помош и подршка од БРО и МОН;<br>- обуки, семинари и советувања за професионално усовршување на наставниците ;<br>- соработка и корелација кај наставниците од различни предмети во подготвувањето на НПП<br>- интегрирана настава со јасно диференцирани цели;<br>- слаба заинтересираност кај родителите за постигањата на учениците; |

| |
|---|
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>1**. Прилагодување на наставните планови и програми според индивидуалните можности и потреби на учениците;**<br>**2. План за интегрирана меѓупредметна корелација;**<br>**3. Планирање на  обуки, семинари и советувања на наставниците;**<br>**4. План за поголема вклученост на родителите во училишниот живот;** |

**Индикатор- 1.2. Квалитет на наставните планови и програми**
**Ниво: делумно задоволува**

**Теми:**

**1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала;**
**1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;**
**1.2.3 Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието;**
**1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми;**

## 1.2.1 Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
| --- | --- |
| - Наставни планови и програми;<br>- Програмите за работа на предметните наставници;<br>- Глобални, тематските и дневни планирања;<br>- Распределение на класните часови; | • При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност.<br>• Во училиштето учат ученици од различно етничко потекло.<br>• Мултикултурализмот е застапен во Годишната програма на училиштето интегриран е во дел од наставната програма и активности.<br>• Поради мултиетничката и културна припадност на учениците со посебен пристап и внимание се приоѓа во разработката на етничката рамноправност и мултикултурна сензитивност низ содржинска обработка на наставните планови и програми преку :<br>- предметот Граѓанско образование и класните часови (толеранција, обичаи и традиции, вероисповед) |

| | |
|---|---|
| - Споредбена анализа;<br>- Прашалник за наставници; | - посети на верски објекти;<br>- културно забавниот и спортски живот во училиштето, организираното слободното време, учество во работилници и сл.<br><br>**Училиштето разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од наставниците и родителите од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност, се согласуваат** 43,75 **% од наставниците, а делумно се согласуваат** 56,25 %.<br><br>**- Користење на ИКТ во училиштето е потреба, но и обврска. Во годишните и дневни планирања наставниците имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ и истите се реализираат согласно планираното.**<br><br>**- Примената на ИКТ во наставата е овозможена преку користење и на смарт табли.**<br><br>**- Тринаесет наставници или 87,5 % често ја користат ИКТ (информатичка технологија) во текот на наставниот процес, а 12,5 % од наставниците делумно ја користат.**<br><br>**- Користење на ИКТ му се овозможува полесно на ученикот да ја совлада наставната единица,а со тоа часот станува поинтересен. Со ова се согласуваат 87,5 % од наставниците а 12,5 % делумно се согласуваат.**<br><br><br> |

**Наставниците користат ИКТ во наставата**




**Користење на ИКТ му се овозможува полесно на ученикот да ја совлада наставната единица**



## 1.2.2.Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - Закон за средно образование;<br><br>- покани за учество;<br><br>- благодарници; | • Во ДСУ „Искра“- Штип се реализираат наставни планови и програми верифицирани од МОН и нема законска обврска да ги прилагодува и интегрира на карактеристиките и потребите на локалната средина во НПП.<br>• Во животот и работата на училиштето вклучена е локалната самоуправа преку соработка низа активности:<br>- редовно учество во спортски активности,<br>- културни манифестации,<br>- активно учество во реализација на еколошки акции,<br>- посета на компании во рамките на практична настава. |

## 1.2.3 Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - Наставни планови и програми;<br>- Тематски и дневни подготовки; | • Во училиштето се реализира меѓупредметна корелација во наставата :<br><br>- вертикално - со целите на претходната и следната тема;<br>- хоризонтално - со целите од другите предмети;<br>• Постои делумна меѓупредметна корелација во наставните програми помеѓу различни наставни предмети со тенденција соработката да се прошири. |

### 1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
| --- | --- |
| - опремени училници и работилници | • Наставниците имаат подршка од училиштето и БРО да ги осовременуваат наставните програми со тоа што им се ставаат на располагање разни нагледни средства и помагала во сопственост на училиштето (компјутери, скенери, печатачи, фотокопири, фотоапарати, ЛЦД, смарт табли), но потребно е и континуирано професионално усовршување на наставниот кадар. |

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

**Индикатор за квалитет**: Реализирање на наставните содржини
**Ниво: Делумно задоволува**

**Јаки страни**
- Толеранција и почитување;
- Соработка со бизнис заедницата за надополнување на знаењата и практичното искуство од постоечките струки и занимања ;
- Примена на стекнати соодветни знаења во практичниот живот;

**Слаби страни**
- Делумна корелација во наставните програми помеѓу различни наставни предмети како би била поголема можноста од примена на интегрирана настава;
- Тимска работа на наставниците;
- Соработка со средните училишта од локалната заедница;
- Професионално усовршување на наставниот кадар

| ПРИОРИТЕТИ |
|---|
| **1.Набавка на компјутерска технологија ;** |
| **2. Професионално усовршување на наставниот кадар;** |

## 1.3.Воннаставни активности

**Теми :**

**1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;**
**1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности;**
**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;**
**1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности;**

## 1.3.1.Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - извештаи од учество на учениците во културни и забавни активности;<br><br>-извештај од организирани екскурзии; | • Воннаставните активности претставуваат значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето.<br>• Училиштето планира и реализира воннаставни активности зависно од потребите и на интересите учениците кои служат за подршка на нивниот личен и социјален развој.<br>• Воннаставните активности во училиштето се реализираат преку: слободни ученички активности, спортски активности, културно забавни активности, прошетки, ученичка екскурзија. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>

- Вонnаставните активности се еднакво достапни кај женските и машките ученици.
- За воннаставните активности потребна е континуирана набавка на потрошен материјал (спортски реквизити, хамери, платно, комплети за боење, фотоапарат).

**- 87,5 % од анкетираните наставници целосно и 12,5 % делумно сметаат дека Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.**

**Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.**




</td>
</tr>
</table>

## 1.3.2 Опфатеност на учениците со воннаставните активности

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - фотографии;<br>- паноа;<br>- извештај во годишна програма - ученички екскурзии;<br>- списоци на ученици во активности;<br>-ФБ профил; | • Во воннаставните активности можат да учествуваат сите ученици без исклучок, во зависност од нивниот интерес. Еден ученик може да членува во повеќе активности.<br>• Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите знаења на учениците.<br>• Во училиштето се реализира еднодневна екскурзија со посети од воспитен, културен, забавен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини и со културно – историските знаменитости на Република Северна Македонија, бесплатно за сите ученици.<br>- **81,25 % од наставниците се согласуваат дека најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност,а двајца наставници или 18,75 % делумно се согласуваат.**<br><br> |

### 1.3.3.Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - Извештај за воннаставни активности;<br><br>- список на ученици вклучени во одредени активности. | • Учениците не можат да учествуваат во подготовка на програмите за работа во воннаставните активности.<br>**- 87,5 % се согласуват дека учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор, а 12,5 % наставници делумно се согласуваат.**<br> |

### 1.3.4 Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| - ученичко катче;<br>- изложби;<br>- паноа;<br>- признанија;<br>- дипломи;<br>- пехари;<br>- фотографии;<br>- прашалник за наставници. | • Учениците со помош и подршка од училиштето и наставниците работат на проекти, учествуваат во разни културни, спортски и забавни манифестации и работилници, се трудат да постигнат успех на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално (домијада) и меѓународно ниво.<br>• Учениците се афирмираат себе си и училиштето преку:<br>- „Отворени денови на училиштето“ кога се врши презентација на училиштето пред учениците од основните училишта од градот и регионот. Во реализацијата на отворените денови на училиштето активно учество земат наставниот кадар и учениците од сите |

| | |
|---|---|
| | години и профили, при што ги презентираат стекнатите знаења и вештини од областа на струките: машинска, земјоделска-ветеринарна, графичка и текстилна.<br>- Учество на фолклорен инклузивен фестивал Фатени за раце го менуваме светот.<br>- Учество на Домијада за учениците кои се интернатски сместени во училиштето.<br>- Светска Специјална олимпијада во Берлин со учество на женската екипа во кошарка и пинг понг.<br><br>**- 93,75% целосно и 6,25% делумно се согласуваат дека се афирмира училиштето преку воннаставни активности.**<br> |
| **1.3 Воннаставни активности**<br>**Индикатор за квалитет:** Учество, резултати и завршни активности<br>**Ниво: Делумно задоволува** | |

| |
|---|
| **<u>Јаки страни</u>**<br>Со вонnаставните активности се следните придобивки :<br>- социјализација на личноста;<br>- развивање на способност за комуникација;<br>- тимска работа;<br>- јакнење на самодовербата<br>- лична афирмација;<br>- стекнување на нови знаења;<br>- другарување;<br>- збогатување на културно забавниот живот на учениците;<br>- стекнување навики за одговорност;<br>- одговорно извршување на улогата во групата;<br>- поттикнување на креативноста кај учениците;<br>- натпреварувачки дух; |
| **<u>Слаби страни</u>**<br>- незинтересираност на учениците;<br>- нема самоиницијативност;<br>- не се во можност учениците да дадат свои идеи, предлози поради нивните способности;<br>- незначителен е бројот на манифестации на кои може да учествуваат;<br>- соработка со други училишта во вонnаставни активности; |

| |
|---|
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>1.**Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставните активности ;**<br>**2.Соработка во вонnаставни активности со ученици од други училишта;** |

**ПРИЛОЗИ**

**РЕЗУЛТАТИ-наставници**

**Инструмент за самоевалуација на ДСУ,,Искра,,Штип**

Подрачје 1.**НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**
**Прашалник за наставници**

ПОЛ:     М        Ж

Работно искуство(работен стаж):____________________________

Почитувани,

Пред вас е прашалник кој се однесува на организацијата и квалитетот на наставните планови и програми.
Прашалникот е анонимен.Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата а потоа одговорете ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислите дека е точен.

Ви благодариме.

Вашето тврдење заокружете го со заокружување на еден од понудените одговори

**1.1.Реализација на наставни планови и програми**

I.Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН.

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 15 | 93,75 |
| б) делумно се согласувам | 1 | 6,25 |
| в) не се согласувам | | |

II.Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 16 | 100 |
| б) делумно се согласувам | | |
| в) не се согласувам | | |

III.Училиштето разгледува мислења од наставниците и родителите и покренува иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми и притоа ги информира МОН, БРО и ЦССО

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 2 | 12,5 |

| | | |
|---|---|---|
| б) делумно се согласувам | 14 | 87,5 |
| в) не се согласувам | | |

IV.Примената на еко стандардите допринесува за реализирање и продлабочување на еколошката свест

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 15 | 93,75 |
| б) делумно се согласувам | 1 | 6,25 |
| в) не се согласувам | | |

**1.2.Квалитет на наставни планови и програми**

I.Училиштето разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од наставниците и родителите од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 7 | 43,75 |
| б) делумно се согласувам | 9 | 56,25 |
| в) не се согласувам | | |

II.Во текот на наставниот процес се користи ИКТ (информатичка технологија)

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) често | 14 | 87,5 |
| б) делумно се користи | 2 | 12,5 |
| в) не се користи | | |

III.Користење на ИКТ му овозможува полесно на ученикот да ја совлада наставната единица, а со тоа часот станува поинтересен

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 14 | 87,5 |
| б) делумно се согласувам | 2 | 12,5 |
| в) не се согласувам | | |

### 1.3. Воннаставни активности

I.Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 14 | 87,5 |
| б) делумно се согласувам | 2 | 12,5 |
| в) не се согласувам | | |

II.Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол,етничка и социјална припадност.

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 13 | 81,25 |
| б) делумно се согласувам | 3 | 18,75 |
| в) не се согласувам | | |

III.Учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор.

| | вкупно | % |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 2 | 12,5 |
| б) делумно се согласувам | 14 | 87,5 |
| в) не се согласувам | | |

IV.Се користат средства (ученичко катче и сл.) за афирмирање на воннаставни активности и продуктите од нив.

| | вкупно | % |
|---|---|---|
| а) се согласувам | 15 | 93,75 |
| б) делумно се согласувам | 1 | 6,25 |
| в) не се согласувам | | |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Работна група :**
1. **Данче Сенева Спасова - координатор**
2. Ана Живкова
3. Каролина Христова
4. Валерија Ристовска

### 2.1 Постигања на учениците

**Теми:**

- **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди**
- **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**
- **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**
- **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава**
- **Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование**

| 2.1 Постигања на учениците |
| --- |
| **Индикатор за квалитет**: Успехот на учениците<br><br>**Ниво: Делумно задоволува** |

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
| --- | --- |
| - Училишни годишни програми и извештаи;<br>- Самоевалуација;<br>- е-дневник; Споредбена анализа;<br>- Записници од Наставнички совет;<br>- Извештај од стручна служба. | • **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди**<br><br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците на тромесечије, полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети (општообразовни предмети и стручни предмети) и тоа според полот и етничката припадност на учениците.<br><br>**Споредбена анализа на успехот на учениците по предмети**<br><br>Успехот на учениците по **општообразовните предмети** во учебната 2022/2023г. е 4,56 , а во учебната 2023/2024г. е 4,63 што покажува дека успехот кај општообразовните предмети е подобрен. Средниот успехот на **стручните предмети** во учебната 2022/2023г. е 4,48 , а во учебната 2023/2024г. средниот успех е зголемени изнесува 4,70. |

| | **Општообразовни предмети**<br><br>**(успех)** | 2022/23 | 2023/24 | среден успех |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Македонски јазик | 4,42 | 4,35 | 4,39 |
| 2 | Математика | 4,4 | 4,67 | 4,54 |
| 3 | Спорт и спортски активности | 4,45 | 4,52 | 4,48 |
| 4 | Музичка уметност | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| 5 | Ликовна уметност | 4,7 | 4,90 | 4,8 |
| 6 | Граѓанско образование | 4,37 | 4,36 | 4,37 |
| **Вкупно** | | **4,56** | **4,63** | **4,60** |

| **Стручни предмети (успех)** | 2022/23г. | 2023/24г. | среден успех |
|---|---|---|---|
| **струка** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| земјоделска ветеринарна | 4.40 | 4.90 | 4.65 |
| машинска | 4.20 | 4.40 | 4.30 |
| текстилна | 4.60 | 4.7 | 4.62 |
| графичка | 4.70 | 4.80 | 4.75 |
| **Вкупно** | **4.48** | **4.70** | **4.59** |

- Средниот успех на учениците во стручните предмети од **земјоделска-ветеринарна струка** во просек е **4,65** или по учебни години 4,40 во 2022/23, 3,90 во 2023/24г.

- Средниот успех на учениците во стручните предмети од **машинската струка** во просек е **4,30** или по учебни години во 2022/23г е 4,20 и 2023/24г г средниот успех е 4,40.

- Средниот успех на учениците во стручните предмети од **текстилната струка** во просек е **4,62** или по учебни години 4,60 во 2022/23 и 3,70 во 2023/24г.

- Средниот успех на учениците во стручните предмети од **графичката струка** во просек се **4,75** или по учебни години 4,70 во 2022/23 и 4,80 во 2023/24г.

- Најдобар успех покажуваат учениците од **графичката струка** со среден успех **4,75**, учениците од **земјоделско - ветеринарната струка** со среден просек **4,65**, **текстилната струка** со среден успех **4,62** и **машинската струка** со среден успех **4,30.**

**Споредбена анализа – вкупен број на ученици по струки, години, паралелки, пол и национална припадност**

**<u>2022/2023 година</u>**

| | Вкупен број на ученици | паралелки | Вкупен број на учениц и на почето кот на учебна та година | Број на ученици по национална припадност | | | | | | Број на ученички по национална припадност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | македонци | роми | албанци | срби | турци | бошњаци | македонци | роми |
| Машинска | 13 | I | 6 | 2 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | |
| | | II | 2 | 1 | 1 | | | | | | |
| | | III | 5 | 3 | 1 | | | | 1 | | |
| Графичка | 12 | I | 5 | 2 | | | | | | 3 | |
| | | II | 3 | 2 | 1 | | | | | | |
| | | III | 4 | 3 | | | | | | 1 | |
| | 12 | I | 5 | | | | | | | 3 | 2 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Текстилна | | II | 3 | | 1 | | | | | 1 | 1 |
| | | III | 4 | | 1 | | | | | 3 | |
| Земјоделска ветеринарна | 12 | I | 5 | 5 | | | | | | | |
| | | II | 3 | 1 | 1 | 1 | | | | | |
| | | III | 4 | 3 | 1 | | | | | | |
| Р.О. Земјоделска | 2 | I | 2 | 2 | | | | | | | |
| Р.О. Графичка | 2 | II | 2 | 2 | | | | | | | |
| Вкупен број на ученици | 53 | 14 | 53 | 26 | 8 | 2 | | 1 | 2 | 11 | 3 |

**2023/2024 година**

| | **Вкупен број на ученици** | **паралелки** | **Вкупен број на ученици на** | **Број на ученици по национална припадност** | **Број на ученички по национална припадност** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | почеток от на учебната година (по паралелки) | македонци | роми | албанци | срби | турци | бошњаци | македонци | роми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машинска | 13 | I | 5 | 4 | 1 | | | | | | |
| | | II | 6 | 2 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | |
| | | III | 2 | 1 | 1 | | | | | | |
| Графичка | 11 | I | 5 | 2 | / | | | | | 3 | |
| | | II | 3 | 1 | | | | | | 2 | |
| | | III | 3 | 2 | 1 | | | | | | |
| Текстилна | 14 | I | 6 | 2 | | | | 1 | | 2 | 1 |
| | | II | 5 | | | | | | | 3 | 2 |
| | | III | 3 | | 1 | | | | | 1 | 1 |
| Земјоделска ветеринарна | 13 | I | 5 | 3 | | | | | | 2 | |
| | | II | 5 | 5 | | | | | | | |
| | | III | 3 | 1 | 1 | 1 | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |
| Р.О. Земјоделска | **2** | **I** | **2** | **2** | | | | | | | |
| Р.О. Графичка | **3** | **II** | **3** | **2** | | | | | | **1** | |
| Вкупен број на ученици | **56** | **14** | **56** | **27** | **6** | **2** | | **2** | **1** | **14** | **4** |

- Во учебната 2022/23 година бројот на ученици е 53, во машинска струка има 13 ученика, а во графичка, текстилна и земјоделско – ветеринарна струка има 12 ученици. Во работно оспособување:земјоделско – ветеринарна струка и графичка струка по 2 ученика.
- Во учебната 2023/24 година има вкупно 56 ученици, во машинска струка 13 ученика, графичка струка 11 ученика, во текстилна струка 14 ученика и земјоделско – ветеринарна струка 13 ученика. Во работно оспособување: земјоделско – ветеринарна струка и графичка струка 2 ученика.
- Бројот на ученици во учебната 2023/24 година е зголемен за 3 ученика, за разлика од претходната 2022/23 година. Во машинска струка бројот останува непроменет, во графичка струка има еден ученик помалку, во текстилната струка има 2 ученика повеќе, земјоделско – ветеринарна струка има 1 ученик повеќе.

**Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**

- Наставата се одржува на македонски јазик.

**Споредбена анализа – успех на учениците**

**2022/2023г.**

| ***ОПШТ УСПЕХ*** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***година*** | ***СТРУКА*** | ***одлични*** | ***Мн добри*** | ***добри*** | ***доволни*** | ***со 1 слаба*** | ***Со 2 слаби*** | ***испишани*** | ***вкупно*** |
| ***I*** | *Текстилна* | *3* | *2* | */* | */* | | | */* | *5* |
| | *Графичка* | *4* | */* | */* | */* | | | *1* | *3* |
| | *Машинска* | *3* | *1* | *2* | */* | | | */* | *6* |
| | *Земјоделска-ветеринарна* | *4* | *1* | */* | */* | | | */* | *5* |
| | ***Раб. оспосо. земјоделска*** | ***1 елементарно ниво (описно оценет)*** | | | | | | | ***2*** |
| | ***Вкупно*** | ***14*** | ***4*** | ***2*** | ***/*** | | | ***1*** | ***21*** |
| ***II*** | *Текстилна* | *3* | */* | */* | */* | | | */* | *3* |
| | *Графичка* | *3* | */* | */* | */* | | | */* | *3* |
| | *Машинска* | *2* | */* | */* | */* | | | */* | *2* |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Земјоделска | 2 | / | 1 | / | | | / | 3 |
| | **Раб. оспосо. графичка** | **1 средно ниво (описно оценет)** | | | | | | | **2** |
| | **Вкупно** | **10** | **/** | **1** | **/** | | | **/** | **13** |
| ***III*** | Текстилна | 3 | / | 1 | / | | | / | 4 |
| | Графичка | 2 | 2 | / | / | | | / | 4 |
| | Машинска | 2 | / | 3 | / | | | / | 5 |
| | Земјоделска ветеринарна | 1 | 1 | 2 | / | | | / | 4 |
| | **Вкупно** | **8** | **3** | **6** | **/** | | | **/** | **17** |
| **Се вкупно** | | **32** | **7** | **9** | **/** | | | **1** | **51** |

**<u>2023/2024 година</u>**

| ***ОПШТ УСПЕХ*** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***година*** | ***СТРУКА*** | ***одлични*** | ***Мн добри*** | ***добри*** | ***доволни*** | ***со 1 слаба*** | ***Со 2 слаби*** | ***испишан и*** | ***вкупно*** |
| | Текстилна | 6 | / | / | / | | | / | 6 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***I*** | *Графичка* | *4* | *1* | */* | */* | | | */* | *5* |
| | | | *Машинска* | *4* | *1* | */* | */* | | | *1* | *4* |
| | | | *Земјоделска-ветеринарна* | *5* | */* | */* | */* | | | */* | *5* |
| | | | ***Раб. оспосо. графичка*** | ***2 елементарно ниво (описно оценет)*** | | | | | | | ***3*** |
| | | | ***Вкупно*** | ***19*** | ***2*** | ***/*** | ***/*** | | | ***1*** | ***23*** |
| | | ***II*** | *Текстилна* | *3* | */* | *2* | */* | | | | *5* |
| | | | *Графичка* | *3* | */* | */* | */* | | | | *3* |
| | | | *Машинска* | *1* | *2* | *3* | */* | | | | *6* |
| | | | *Земјоделска* | *3* | *2* | */* | */* | | | | *5* |
| | | | ***Раб. оспосо. земјоделска*** | ***1 средно ниво (описно оценет)*** | | | | | | | ***2*** |
| | | | ***Вкупно*** | ***10*** | ***4*** | ***5*** | ***/*** | | | ***/*** | ***21*** |
| | | ***III*** | *Текстилна* | *2* | */* | */* | */* | | | | *2* |
| | | | *Графичка* | *3* | */* | */* | | | | | *3* |
| | | | *Машинска* | *2* | */* | */* | */* | | | | *2* |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Земјоделска ветеринарна* | *2* | */* | */* | */* | | | *1* | *1* |
| | ***Вкупно*** | ***9*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | | | ***1*** | ***8*** |
| ***Се вкупно*** | | ***38*** | ***6*** | ***5*** | ***/*** | | | ***2*** | ***52*** |

- Во учебната 2022/23 година 32 ученици имаат одличен успех, додека наредната учебна година бројот на одлични ученици е зголемен за 6, забележано е подобрување на знаењата.
- Во учебната 2022/23 година 7 ученика се со многу добар успех, наредната 2023/24 година 6 ученика се со многу добар успех.
- Во учебната 2022/23 година 9 ученика имаат добар успех, наредната 2023/24 година 5 ученика се со добар успех.
- Во учебните 2022/23 и 2023/24 година нема ученици со доволен успех, ученици со 1 и 2 слаби оцени.
- Успехот релативно задоволува имајќи ја во предвид популацијата со која се работи и индивидуалните способности на учениците.
- Постигањата на учениците ги следи стручната служба, класните раководители и одговорниот воспитувач во соработка со предметниот наставник. За нивниот успех се води уредна евиденција во дневниците за работа, е- дневникот и други форми на оценување на наставниците: тестови, писмени работи, а по добиените сознанија за секој поединец индивидуално се превземаат мерки и се изнаоѓаат мотиви за подобрување на успехот со разговори, пофалби и награди. Подобрување на постигањата има преку индивидуална настава со ученици. За постигнатиот успех се разговара на Наставнички совет, писмено се известуваат родителите, старателите и центрите за социјална работа, преку евидентни листови.

**Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**

- Сите ученици во училиштето се со потешкотии во учењето, во ДСУ "Искра" учат ученици со посебни образовни потреби. Наставните планови и програми се адаптирани на потребите и способностите на учениците, застапена е индивидуализација и диференцијација на наставата. Посебно внимание

se посветува на индивидуалната работа на наставниците, стручните соработници и воспитувачите со учениците.

- Училиштето располага со инструменти за проценка на способностите и вештините на учениците.
- Училиштето нема изготвена програма за надарени и талентирани ученици, бидејќи нема можност за нејзина реализација.

**Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**

- Во училиштето не се спроведува дополнителна и додатна настава, поради адаптираните наставни планови и програми.
- Учениците кои го завршуваат образованието во нашето училиште немаат можност за продолжување по вертикала. Со здобиеното Уверение тие понатаму се вклучуваат во производниот процес во општините од каде што доаѓаат. Уверението за завршено средно образование се добива без полагање на матура.

**Прашалник за наставници – прашалникот спроведен кај 16 наставници**

**1.Од спроведената анкета 100% од наставниците или 16 наставника се согласуваат дека училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони период, додека.**



| | |
|---|---|
| | **2.Од испитаниците 100% или 16 наставника се согласуваат со изјавата дека училиштето има инструмент со кои ги следи постигањата на учениците според различен пол и етничка припадност.**   **3.Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобра согласуваат или 15 наставника, 6.25% делумно се согласуваат или 1 наставник.** |




**4.Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигањат ученицитe од различен пол и етничка припадност, 81.25% или 13 наставника се согласуваат, додек наставника или 18.75% делумно се согласуваат.**



| | |
|---|---|
| | **5. Училиштето има систем за идентификација на ученици кои имаат потешкотии во учењето, 87.5% наставника се согласуваат, додека 12.5% или 2 наставника делумно се согласува.**<br> |

Јаки страни

- Прецизни податоци за постигањата на учениците на тромесечије, полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети според полот и етничката припадност на учениците;
- Поддршка на учениците, индивидуална поддршка од страна на стручна служба;
- Постојан контакт и соработка со родителите;
- Инструменти за проценка на способностите и вештините на учениците;
- Зголемување на бројот на ученици;
- Подобар успех во општообразовните и стручните предмети;
- Учество на вон наставни активности.

Слаби страни

- Учениците не преминуват од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование;
- Училиштето нема надарени ученици
- Не се одржува дополнителна и додатна настава

Опасности

- Намалување на бројот на ученици поради процесот на инклузија;

**ПРИОРИТЕТИ**

1. **Обука за наставен кадар за работа со ученици со потешкотии во учењето**
2. **Обезбедување на наставни средства и помагала за олеснување на воспитно-образовниот процес**

## 2.2 Задржување/осипување на учениците

| **Индикатор 2.2. Задржување/осипување на учениците**<br><br>**Ниво: делумно задоволува** |
|---|

**Теми**

- **Опфат на учениците**
- **Редовност во наставата**
- **Осипување на учениците**
- **Премин на ученици од едно училиште во друго**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| -извештај за постигнатиот успех на учениците,<br>-статистички податоци,<br>-дневник на работа на стручните соработници<br>-дневници за работа<br>-увид во педагошка евиденција и документација;<br>-евиденција за заминати или новодојдени ученици. | **Опфат на учениците**<br><br>• Училиштето има податоци за учениците кои  завршуваат основно образование од регионите,  има изградено  политика за опфат на сите ученици и превзема различни активности како посети на семејства, основни училишта соработка со надлежните институции и локалната заедница.<br><br>**Редовност во наставата**<br><br>• Училиштето ја следи редовноста на учениците и ги анализира причините за отсуства. Училиштето нема анализа на изостаноците според полот и етничката припадност.<br><br>• Во учебната 2022/2023 година има 150 оправдани изостаноци, неоправдани изостаноци нема.<br>• Во учебната 2023/24 година има **206** оправдани изостаноци и **149** неоправдани изостаноци, вкупно **355** изостаноци. Бројот на изостаноци во учебната 2023/2024 година е зголемен. |

**Осипување на учениците**

**2022/23 година**

| | Вкупен број на ученици по паралелки | | | Вкупен број на ученици | самоиспишани |
|---|---|---|---|---|---|
| **струка** | **I** | **II** | **III** | | |
| **машинска** | 6 | 2 | 5 | 14 | / |
| **текстилна** | 5 | 3 | 4 | 12 | / |
| **графичка** | 4 | 3 | 4 | 11 | 1 |
| **земјоделска-ветеринарна** | 5 | 3 | 4 | 12 | / |
| **Р.О.** | 2 | 2 | | 4 | / |
| | **23** | **13** | **17** | **52** | **1** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

**2023/2024 година**

| | Вкупен број на ученици по паралелки | | | Вкупен број на ученици | самоиспишани |
|---|---|---|---|---|---|
| **струка** | **I** | **II** | **III** | | |
| **машинска** | 5 | 6 | 2 | 13 | / |
| **текстилна** | 6 | 5 | 3 | 14 | 1 |
| **графичка** | 5 | 3 | 3 | 11 | / |
| **земјоделска-ветеринарна** | 5 | 5 | 3 | 13 | 1 |
| **Р.О.** | 3 | 2 | | 5 | / |
| | **24** | **21** | **11** | **56** | **2** |

Во учебната 2022/2023 има испишано 1 ученик, наредната 2023/24г. има испишано 2 ученика, вкупно 3 ученика за двете учебни години.

| | |
|---|---|
| | **Премин на ученици од едно училиште во друго**<br><br>• Училиштето и одговорните стручни служби ја почитуваат постапката за премин на ученици од едно во друго училиште, навремено ги бара и ги доставува информациите кои се потребни за извршување на трансфер на учениците<br>**Прашалник за наставници:**<br><br>**6.Од спроведената анкета56.25% или 9 од наставниците се согласуваат дека училиштето има податоци за обемот (бројот) на ученици од основните училишта и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес, 43.75% или 7 наставника делумно се согласува.**<br><br><br><br><br>**7.Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настават и превзема активности за сголемување на редовноста, 100% или 16 од наставниците се согласуваат.** |




**8.Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според полот, етничката припадност и социјално потекло, 87,5% или 14 од наставниците се согласуваат, 12,5% или 2 наставника делумно се согласуваат.**




**9.Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието од страна на ученици, 100% или 16 од наставниците се согласуваат.**

| | |
|---|---|
| | <br>**10.Училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес, 100% или 16 наставника се согласуваат.**<br> |

| **Јаки страни** |
|---|
| - Континуирана грижа за целокупната состојба на учениците во училиштето;<br>- Редовност на учениците<br>- Водење на уредна педагошка евиденција при премин на ученици од едно во друго училиште |

| **Слаби страни** |
|---|
| - Незаинтересираноста на родителите за запишување на нивните деца, негрижа за постигнатиот успех во училиштето;<br>- Анализа на изостаноците според полот и етничката припадност. |

| **ПРИОРИТЕТИ** |
|---|
| 1**. Превземање конкретни мерки за зголемување на интересот на учениците за занимањата кои ги нуди нашето училиште** |

**2. Задржување/осипување на учениците**

Индикатор за квалитет: **Бројот на запишани ученици кои го завршуваат основното образование**
**Ниво: Многу добро**

## 2.3 Повторување на учениците

**Теми:**

- **Ученици кои не ја завршуваат годината**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| Увид во дневниците за работа и главни книги<br><br>Анализата за успехот на учениците во последните три години | • Учениците со посебни образови потреби не ја повторуваат учебната година. |

**ПРИЛОЗИ**

**РЕЗУЛТАТИ-наставници**

**Инструмент за самоевалуација на ДСУ,,Искра,,Штип**

Подрачје 2.**ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

*Прашалник за наставници*

| | **Искази** | **Заокружи само една буква пред изјавата** | **вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 16<br>/<br>/ | 100<br>/<br>/ |
| 2 | Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 16<br>/<br>/ | 100<br>/<br>/ |
| 3 | Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 15<br>1<br>/ | 93,75<br>6,25<br>/ |
| 4 | Училиштето планира и презема конкретни активности за постојано подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 13<br>3<br>/ | 81,25<br>18,75<br>/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Училиштето има систем за идентификација на ученици кои имаат тешкотии во учењето | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 14<br>2<br>/ | 87,5<br>12,5<br>/ |
| 6 | Училиштето има податоци за обемот(број) на ученици од основните училишта  и има осмислени акции за вклучување на сите ученици во наставниот процес. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 9<br>7<br>/ | 56,25<br>43,75<br>/ |
| 7 | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 16<br>/<br>/ | 100<br>/<br>/ |
| 8 | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според полот, етничката припадност и социјалното потекло. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 14<br>2<br>/ | 87.5<br>12.5<br>/ |
| 9 | Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието од страна на ученици | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 16<br>/<br>/ | 100<br>/<br>/ |
| 10 | Училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес. | А. Се согласувам<br>Б. Делумно се согласувам<br>В. Не се согласувам | 16<br>/<br>/ | 100<br>/<br>/ |

**Подрачје бр.3: Учење и настава**

**Работна група :**
1.Тони Петрушев
2.Речаноска Марјана
3.Анастасовски Благојчо
4.Елена Јорданова

**Подрачје бр. 3: Учење и настава**

**3.1 Планирања на наставниците**

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| -Годишните, темтските планирања и подготовките за наставен час;<br>- следењето на планирањето на наставниците;<br>-евидентните листови;<br>-разговорите со директорот, стручната служба, наставници;<br>-записници од состаноци на актив на наставници;.<br><br>-Анкетен прашалник за наставници (анкетирани се 16 наставници) | Наставата се реализира по предвидена и верифицирана и одобрена програма од МОН и БРО. Наставниците предвидените планови и програми ги реализираат користејќи годишен глобален план, тематски планирања и дневни подготовки за настава.Сите наставници имаат изготвено годишен глобален план, тематски планирања и дневни подготовки и во почетокот на учебната година ги доставуваат во стручната служба. Специјалниот едукатор истите ги проверува и уредно ги чува во досие за секој наставник посебно. Дневни подготовки изготвуваат сите наставници во кои ја разработуваат предвидената содржина, целите што се очекуваат и активностите кои се реализираат за време на наставниот час.<br>Во текот на учебната година Директорот на училиштето и специјалниот едукатор вршат увид на час, следење и проверка на планирањата на наставниците.<br>Во рамките на стручните активи се разменуваат искуства и идеи за планирање и реализирање на наставата**.**<br>-Од вкупно анкетирани 16 наставници за Планирањето на наставниците 93,75 % од нив одговориле дека во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните служби. |

| | |
|---|---|
| | -93,75 % од анкетираните наставници се согласуваат, 6,25 % делумно се согласуваат дека годишните и тематските планови како и оперативните планови за час содржат јасни насоки.<br><br>100% од наставниците се согласуваат дека оперативните , годишните и тематските планови за час содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат очекувани резултати од учење и начин на оценување.<br><br>-100 % од наставниците се согласуваат, дека во плановите за реализација на наставата јасно се наведени наставните содржини кои ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br>-При изработка на плановите за реализација на наставата наставниците 100 % се согласуваат, дека разменуваат искуства во рамките на стручниот актив.<br><br>93,75 % делумно се согласуваат, а 6,25 не се согласуваат дека При изработката на плановите за реализација на наставата разменуват искуства со надворешни соработници ( наставници од други училишта , советници од соодветните предмети ,... ),<br><br>-100 % се согласуваат дека распоредот на часовите е направен почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. |

| | |
|---|---|
| | |
| | |

| |
|---|
| **3.1 Планирања на наставниците**<br>**Индикатор за квалитет: Планирање на наставниот процес** |

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| -Годишните и тематските планирања<br>-Дневните, оперативни планирања на наставниците | -Размена на искуства со надворешни соработници (наставници од др. училишта, советници од соодветни предмети, и др.)<br>-Недоволен број на семенари и обуки за размена на искуства.<br>-Недоволен број на техничка опрема за реализирање на ИКТ во наставата |

## Резултати од SWOT анализите

**S-1** **W-2** **O-3** **T-4**

**Јака страна :Индивидуалните планирања на наставниците**

**Слаба страна: Размена искуства и информации при планирањето**

**Можности: Подршка и следење на планирањата на наставниците**

Закана: Недоволен број на техничка опрема за реализирање на ИКТ во наставата

**S-1** Јака страна на училиштето: Навремено доставување на Годишниот глобален план и Тематското планирање на секој наставник по секој наставен предмет.

.

**W-2** Слаба страна на училиштето: Размена на искуство и информации заради немење на семинари и обуки од страна на МОН и БРО по наставни предмети.

**O-3** Можност: Следењето на работата на наставниците од страна на специјалниот едукатор и директорот на училиштето претставува можност за подобра настава и учење.

**T-4** Закана: Недоволен број на техничка опрема за релизирање на ИКТ во наставата
- заради недостаток на кабинети опремени со компјутерска опрема за одвивање на наставниот процес со примена на ИКТ во наставата.

**ПРИОРИТЕТИ**

| |
|---|
| 1.Размена на искуства преку средби и семинари и набавака на комјутерска опрема. |

## Подрачје бр. 3: Учење и настава

### 3.2 Наставен процес

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| -годишните, тематските планирања и подготовки за наставен час;<br>-следење на час;<br>-програмата за работа на директорот, стручната служба;<br>-портфолиото на наставниците.<br>-Анкетен прашалник за наставници (анкетирани се 16 наставници) | При реализирање на наставата, наставниците користат разновидни наставни средства и помагала кои соодветствуваат на потребите на учениците.Учениците иако средношколци се на конкретен степен на примање на реалноста. При реализирање на наставата ова е многу важен момент и секој наставник го има тоа во предвид па затоа наставната единица е конкретна и по можност поврзано со нешто во реалноста. Покрај индивидуалниот пристап се користи заедничка форма на работа, работа во парови, работа со мали групи. Наставникот пристапува многу внимателно и оценувајќи ги можностите на секој ученик го ангажира и мотивира посебно, во зависност од неговите можности и способности.<br><br>Задачите и активностите се приспособени на индивидуалните потреби на учениците, што овозможува постигање на предвидените цели на наставата. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците користат разновидни ресурси и приоди за учење и настава.<br><br>Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на индивидуалните способности на учениците.<br><br>Наставата се реализира со примена на соодветни методи, форми и средства спрема секој ученик индивидуално.<br><br>Сите ученици се поттикнуваат активно да учествуват во наставата и практичната настава.Наставниците ги мотивираат, ги потикнуваат и пофалуваат учениците.<br><br>За време на часовите има работна атмосфера.<br><br>Односот помеѓу наставник ученик е на начин на заемно почитување, помош, соработка и разбирање при тоа не правејќи разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничка и религиска припадност.<br><br>Следењето и процената на работата на наставникот е интерактивен процес..Секој наставник се посетува на час од директорот и специјалниот едукатор.Увидите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.<br><br>Од вкупно анкетирани 16 наставници се добиваат следните сознанија:<br><br>100 % се согласуваат, дека во наставниот процес се користат разновидни форми и методи со цел да им |

| | |
|---|---|
| | помогнат на учениците да ги постигнат предвидените цели во наставата.<br><br>87,5 % се согласуваат, 12,5 делумно се согласуваат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на информатичка технологија<br><br>-од 16 анкетирани наставници или 93,3% се согласуваат и 6,6% не се согласуваат дека  во текот на часот се поттикнуваат и мотивираат учениците активно да учествуваат на часот и нивниот придонес се цени.<br><br>-од анкетираните 100 % се согласуваат дека во текот на наставниот процес се поттикнуваат учениците при усвојувањето на новите наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други  предмети.<br><br>Од 16 анкетирани 93, 75 делумно се согласуваат, а 6,25 се согласува дека се задаваат домашни работи кои се поврзуваат со активниостите и на наученото за време на часовите.<br><br>100 % се согласуваат дека користат различни материјали (учебници,збирки,речници, интернет) се со цел да се мотивираат учениците да учат.<br><br>93,75% се согласуваат, а 6,25 делумно  дека во текот на часот ги потикнуваат и мотивирааат учениците активно да учествуваат на час и нивниот придонес се цени.<br><br>93,75% се согласуваат, а 6,25 делумно се согласувааат дека во текот на часот даваат јасни и инструкции и |

| | |
|---|---|
| | упатства за работа, учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.<br><br>-100 % се соглауваат , дека со учениците се однесуваат на начин кој промовира взаемно почитување, помош , соработка и разбирање.<br><br>-100 % се согласуваат дека училиштето има пропишани интерактивни процедуриза следење на наставниот процес и секој наставник се посетува најмалку два пати во полугодие од страна на директорот или стручната служба и наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.<br><br>93,75 % се согласуваат, а 6,25 делумно дека наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. |

**3.2 Наставен процес**

**Индикатор за квалитет: Квалитетна настава**

| Јаки страни | Слаби страни – слабости |
|---|---|
| -наставниците применуваат разни форми стратегии и методи на работа.<br><br>-наставниците имаат годишно,тематско и дневно планирање | -учениците од прва година немаат познавање од работа со компјутери. |

**Резултати од SWOT анализите**

| |
|---|
| **S-1** **W -2** **O-3** **T-4**<br>**Јака страна -** Наставни форми и методи<br>**Слаба страна –** Предзнаењата на учениците<br>**Можност -** Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>**Закана -** Новите програми<br><br>**S-1 Јака страна** во процесот на наставата е тоа што наставниците применуваат разни наставни форми методи и стратегии на работа за секој ученик посебно со цел да се пронајдат нивните способности и да се добие успех.<br>**W-2 Слаба страна** претставува предзнаењата на учениците и писменоста<br>**О-3 Можност** интеракција меѓу наставниците и учениците.<br>**Т-4 Закана** сознание за капацитетот на ученикот преку нумеричкото оценување |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>1.Користење на компјутерите во наставата. |

## Подрачје бр. 3: Учење и настава

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| - класните часови<br>- состаноците со воспитна група,<br>-Анкетен прашалник за наставници<br>- Годишна програма на училиштето<br>- Програма за работа на Еко-одборот<br>-изработен материјал во училници и холот на училиштето; | Училиштето претставува адекватна и пријатна средина за учење поттикнувајќи ги индивидуалните способности на учениците.<br>Учењето е поврзано со секојдневието и е применливо и корисно во животот.<br>Учениците се мотивираат и поттикнуваат за активно учество во наставниот процес.<br>Во училиштето е воспоставена комуникација помеѓу учениците и вработените.<br>Трудовите на учениците се истакнуваат во училниците и холовите во училиштето.<br>И оваа учебна година училиштето е вклучено во проектот „Еко училиште„. Нивната активност во училиштето се гледа во организирање советувања, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на видно место на трудовите на учениците кои содржат еко-мотиви . На овој начин се врши влијание врз свеста на учениците за конзумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее. Во своите тематски планирања секој наставник има внесено еко-содржина која ќе одговара на наставиот материјал како би се афирмирала еко-свеста кај младите луѓе - учениците.<br><br>Од вкупно 16 анкетирани наставници се добиени следните резултати |

| | |
|---|---|
| | -100 % се согласуваат  дека изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно  место во училница или во  училиштето.<br><br>-93,75 % се согласуваат, 6,25 % делумно се согласуваат  дека наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат , да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br><br>-93,75 % се согласуваат,6,25 % делумно се согласуваат  дека Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето |

**3.3 Искуства на учениците од учењето**

**Индикатор за квалитет: Адекватна и пријатна  средина за учење**

| **Јаки страни** | **Слаби страни – слабости** |
| --- | --- |
| -поттикнување на учениците за преземање одговорност,<br>-трудовите на учениците се истакнуваат во училниците и холовите на училиштето, | - Изнаоѓање на институции преку кои ќе се промовират изработките и трудовите на учениците |

**Резултати од SWOT анализите**

| | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| **S-1** | **W-2** | **O-3** | **T-4** |

**Јака страна - Атмосфера за учење**

**Слаба страна- Поттикнување на учениците за преземање на одговорност**

**Можност -Средина за учење**

**Закана -Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**

**S-1** Јака страна на училиштето е атмосферата за учење, бидејќи е овозможено секојдневно и применливо знаење, работни навики и стручна обука на секој ученик индивидуално.
**W-2** Слаба страна, и покрај секојдневното поттикнување за превземање на одговорност, кај секој ученик одговорноста е различна
**O-3** Можност - училиштето нуди стимулативна средина за образование и рехабилитеција на учениците.
**T-4** Закана - е интеракција на учениците меѓу себе и со вработените во училиштето.

**ПРИОРИТЕТИ**

1. Посета и соработка со бизнис секторот и можност на применливо знаење

**Подрачје бр. 3: Учење и настава**

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| -програмата за работа на воспитувачите<br>-следење на постагањата на учениците<br>-увидот во евиденцијата на стручната служба<br>-записници од Актив на воспитувачи<br>-формулар за следење на постигањата на учениците<br>-Записници од Наставнички совет<br>- Записници од Класни совети<br>-Записници од Совет на родители<br>-Наставни планови и програми<br>-Сертификати на наставници<br>-разговор со учениците<br>-Анкетен прашалник за наставници (анкетирани се 15 наставници) | -наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и можностите во процесот на учење на секој ученик и превземаат активности за нивно подобрување и отстранување на девијантното однесување.<br>-За образовни потреби на учениците се разговара со класниот раководител , се разговара на Наставнички совет, на Класните совети, на Актив на Наставници и Актив на воспитувачи.<br>За образовните потреби и проблеми учениците и наставниците може да се обратат и до психолошко-педагошката служба и да разговора за истите, како и за начинот на нивно решавање. Притоа, се преземаат многубројни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките.<br>-наставниците со ангажираност и мотививација им помагаат на учениците за полесно да усвојат и практично применуваат знаења во секојдневниот живот; |

| | |
|---|---|
| | -учениците се чувствуваат безбедно во училиштето и во околината. Многу се задоволни од грижата во училиштето,од престојот, од односот на наставнисите и воспитувачите кон нив.<br><br>Од анкетираните наставници (16)<br>-43,75 % се согласуваат и 50 % делумно  и 6,25 % не се согласуваат и дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето , неразбирливо предавање) во процесот на учење и превзема активности за нивно отсранување. |

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**
**Индикатор за квалитет:**
Следење на постигањата на учениците

| **Јаки страни** | **Слаби страни - слабости** |
|---|---|
| -идентификување на образовните потреби на учениците<br>-задоволување на индивидуалните потреби на учениците. | -учениците немаат самоиницијативност и верба во себе. |

**Резултати од SWOT анализите**

| S-1 | W -4 | O-3 | T-2 |
|---|---|---|---|

**Јака страна - Идентификување на образовните потреби на учениците**
**Слаба страна - Известување на родителите за напредокот на учениците**
**Можност - Користење на информациите од оценувањето во наставата**
**Закана- Методи и форми на оценување**

**S-1** Јака страна е идентификување на образовните потреби однаставниците и стручните соработници-дефектолог

**W -4** Слаба страна – Иако се користат повеќе форми на известување на родителите за успехот и поведението на учениците, соработката не е на задоволително ниво.

**O-3** Можност претставува користење на информациите од проценка на способностите на ученикот (дефектолог)

**Т-2** Закана претставуваат методите и формите на оценување затоа што се разликува интелектуалното ниво на секој ученик.

**ПРИОРИТЕТИ**

1. Поголема соработка со родителите;

## Подрачје бр. 3: Учење и настава

### 3.5 Оценувањето, како дел од наставата

**Самоевалуација на училиштето**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|

| | |
|---|---|
| -евидентни листови;<br>-дневник на паралелката;<br>-главна книга<br>-Годишна програма за работа на училиштето<br>- Педагошка евиденција и документација<br>Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи,<br>-Анкетен прашалник за наставници (анкетирани се 15 наставници) | Во училиштето вреднувањето на постигнатите резултати е на поспецифичен начин и се разликува од оценувањето во другите училишта.Секој ученик се оценува спрема индивидуалните можности.И најмалиот успех кај некој ученик се вреднува за да се заинтересира, мотивира и да ја следи наставата.<br><br>Со реализирање на адаптираните планови и програми и поврзување на теоријата со праксата, се постигнува забележителен напредок кај учениците.<br><br>93,5 % се согласуваат, 6,25 % делумно се согласуваат  дека наставниците имаат усогласени критериуми за оценување.<br><br>100 % се согласуваат, дека наставниците користитат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат  и оценуваат  напредокот на учениците<br><br>93,75% се согласуваат, и 6,25 % не се согласуваат дека во текот на наставниот процес им даваат повратна информација на учениците за нивната работа , напредок и постигнувањата.<br><br>93,75 % се согласуваат, 6,25 % делумно ,  дека при оценувањето  им посочуваат на учениците како да ја подобрат нивната работа и успех<br><br>100 % се согласуваат  се согласуваат дека информациите од отценувањето наставниците ги |

| | |
|---|---|
| | користат за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. |

**3.5 Оценувањето, како дел од наставата**
**Индикатор за квалитет:**
**Оценување на секој ученик спрема индивидуалните способности**

| Јаки страни | Слаби страни – слабости |
|---|---|
| -идентификување на образновните потреби на учениците.<br>-секој ученик се оценува спрема индивидуалните можност | -незаитересираност на родителите за напредокот и упехот на учениците.<br>-нумеричко оценување; |

| |
|---|
| **ПРИОРИТЕТИ** |
| 1.Изготвување на критериуми за оценувње |

**Подрачје бр. 3: Учење и настава**

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

**Самоевалуација на училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| -дневник на паралелка<br>-дневник на стручна служба<br>-дневник на воспитувачи<br>-кодекс на училиштето | -училиштето има утврден начин за известување на родителите за напредокот на учениците.<br><br>-се остваруваат формални и неформални средби со родители,<br>-индивидуални средби за пренесување информации за конкретен ученик.<br><br>-родителите уредно се поканувaат преку лични и телефонски контакти и писмена покана. |
| -Анкетен прашалник за наставници (анкетирани се 16 наставници) | 16 од 16 наставници или 100 % се согласуваат, дека даваат конкретна повратна информација на родителите за постигнувањата на ученикот , начинот и критериумите на оценување како и препораки како детето да го постигне својот максимум. и<br><br>100 % се согласуваат дека наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот. |

**3.6.Известување за напредокот на учениците**
**Индикатор за квалитет:**
**Евидентни листови за успехот на учениците.**

| **Јаки страни** | **Слаби страни – слабости** |
| --- | --- |
| -редовно информирање на учениците<br><br>-редовно информирање на родителите | -слаб интерес на родителите за успехот на учениците; |

**ПРИОРИТЕТИ**

**1.Соработка со родителите;**

**Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

Почитувани наставници,

Пред вас е прашалник кој се однесува на наставниот процес , искуствата на учениците од учењето, задоволување на потребите на учениците и известување на напредокот на учениците.
Ве молиме внимателно да го прочитате прашалникот и објективно да го искажете својот став во врска со наведените искази.
Ви благодариме.

Прашалникот е анонимен .

| | Да се пополни со заокружување | Точност | вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| | Исказ / тврдење | | | |
| 3.1.1 | Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните служби. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.1.2 | Вашите годишни и тематски планови како и оперативните планови за час содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати од учењето и начинот на оценување на учениците. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.1.2 | Во вашите планови за реализацијана наставата јасно се наведенинаставните содржини кои ќе ги реализирате со примена на ИКТ вонаставата. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.1.3 | При изработката на плановите за реализација на наставата разменувате искуства во рамките на стручниот актив | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.1.3. | При изработката на плановите за реализација на наставата разменувате искуства со надворешни соработници ( наставници од други училишта , советници од соодветните предмети ,... ) | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)2<br>б) 14 | 12,5<br><br>87,5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | в)0 | 0 |
| 3.1.4 | Распоредот на часовите е направен почитувајќи го најдобриот интерес на детето. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.2.1 | Во наставниот процес користите разновидни форми и методи со цел да им помогнат на учениците да ги постигнат предвидените цели во наставата. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.2.1 | Дел од наставните содржини ги реализирате со примена на информатичка технологија | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б) 2<br>в)14 | 0<br>12,5<br>87,5 |
| 3.2.1 | Во текот на наставниот процес преку интерактивни методи (прашања , дискусии , работа во групи ) поттикнувате соработка помеѓу учениците | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.2.2 | Во текот на наставниот процес ги поттикнувате учениците при усвојувањето на новите наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други други предмети | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.2.2 | Задавате домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)1<br>б)14<br>в)1 | 6,25<br>87,5<br>6,25 |
| 3.2.2 | Во наставниот процес користите различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) се со цел да ги мотивирате учениците да учат . | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.2.3 | Во текот на часот ги поттикнувате и мотивирате учениците активно да учествуваат на часот и инивниот придонес се цени. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.2.3 | Во текот на часот давате јасни инструкции и упатства за работа,<br>учењето во училницата е активно , динамично и има работна атмосфера. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.2.4 | Со учениците се однесувате на начин кој промовира взаемно почитување, помош , соработка и разбирање. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.2.5 | Училиштето има пропишани интерактивни процедуриза следење на наставниот процес и секој наставниксе посетува | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | најмалку два пати во полугодие од страна на директорот или стручната служба. | | | |
| 3.2.5 | Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.3.1 | Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б) 0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.3.2. | Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат , да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.3.4. | Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.4.1 | Училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето , неразбирливо предавање) во процесот на учење и превзема активности за нивно отсранување. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)1<br>б)7<br>в)8 | 6,25<br>43,75<br>50 |
| 3.5.2 | Наставниците имаат усогласени критериуми за оценување | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.5.2 | Користите различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следите и оценувате напредокот на учениците. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.5.2 | Во текот на наставниот процес им давате повратна информација на учениците за нивната работа , напредок и постигнувања. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а) 1<br>б) 0<br>в)15 | 6,25<br>0<br>93,75 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.5.2 | При оценувањето им посочувате на учениците како да ја подобрат нивната работа и успех | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)1<br>в)15 | 0<br>6,25<br>93,75 |
| 3.5.3 | Информациите од оценувањето го користите за до подобрите планирањето и спроведувањето на наставата | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.6 | Давате конкретна повратна информација на родителите за постигнувањата на ученикот , начинот и критериумите на оценување како и препораки како детето да го постигне својот максимум. | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |
| 3.6 | Наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот | а) неточно/не се согласувам<br>б) делумно точно/ делумно се согласувам<br>в) точно / се согласувам | а)0<br>б)0<br>в)16 | 0<br>0<br>100 |

# Подрачје бр.4: Поддршка на учениците

**Работна група :**

1. **Слаѓана Петровска**
2. Семина Бекир
3.Јасмина Јосифовска
4.Никола Костов

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Теми

- **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**
- **Превенција од насилство**
- **Заштита од пушење, алкохол и дрога**
- **Квалитет на достапна храна**
- **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**
- **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**

| Кои се извори и документи за увид | Информации кои се собирани |
|---|---|
| -Дневници за воспитна работа на воспитувачите<br>-Дневник за евиденција на воспитната работа<br>-Годишна програма за работа за на училиштето<br>-Куќен ред за домот<br>-Лично осигурување<br>- Изречени педагошки мерки<br>-Годишна програма за работа на социјален работнук;<br>- Годишна програма за работа на псохолог;<br>-Записници од индивидуални разговори со ученици и родители.<br>-Увид во педагошка евиденција, Програма за унапредување на добросостојбата и менталното здравје; | • Училишниот простор е безбеден за изведување настава и сместување во ученичкиот дом. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреда на учениците.<br>• Учениците се осигурани преку одредена осигурителна компанија.<br>• Во училиштето има вработени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи, но има потреба од дополнителна обука. Во училиштето има ,,План за заштита и спасување,, и ,,Правилник за заштита од пожари и поплави,, со пропишани правила за постапување во случај на елементарни непогоди и еднаш во годината се изведува вежба за евакуација со учениците и обука за користење на ПП апарати.<br>• За контрола на влезот и излезот во училишниот двор и во училишната зграда, постои видеонадзор. Со системот за видеонадзор покриен е најголем дел од површините во внатрешност на училиштето. Со тоа значително се подобрува грижата за учениците во смисла на безбедноста и сигурноста.<br>• Во училиштето се води грижа за пречекување и испраќање на учениците во нивното место на живеење.<br>• Заради безбедност во спалните има поставени заштитни решетки на сите прозорци .<br>• Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците.<br>• За редот, дисциплината и безбедноста на учениците во ученичкиот дом се грижат 7 воспитувачи во три смени,а за време на одморите дежурни наставници по распоред и водењена книга на дежурства.<br>• Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство помеѓу учениците. Секој вработен е должен да спречува и да пријавува насилство кај воспитувачите, класните раководители, стручната служба и директорот.<br>• Психолог, социјален работник и специјални едукатори вршат советодавна инструктивна работа со учениците. Со учениците се разговара индивидуално и во зависност од проблемот се информира родителот-старателот. До колку е прекршен Куќниот ред одговорниот воспитувач или класниот раководител изрекуваат писмена опомена.Во учебната 2022/2023г се изречени вкупно две педагошки мерки за нарушување на куќниот ред и непримерно однесување на учениците, а во учебната 2023/2024г се изречени шест Педагошки мерки. За потешки прекршоци кога станува збор за загрозување на сопственоит или животот на останатите ученици се запознава Наставничкиот совет и се изрекуваат соодветни мерки. |

| | |
|---|---|
| | • Во училиштето стручната сллужба реализира со учениците работилници за превенција од насилство, права на децата, разрешување конфликти, работилници за развивање на емоционалната интелегенција и креативно мислење.<br>• Пушењето, консумирање на алкохол и дрога се најстрого забранети во училиштето. На класните часови, задолжителните занимања и секојдневните разговори им се укажува за штетноста од консумирањето на алкохол и цигари. Во училиштето од постоењето до сега нема случај на конзумирање на дрога.<br>• Училиштето има соработка со МВР и Центар за социјална работа. За учениците во училиштето се организираат предавања од стручни лица и работилници од стручната служба на училиштето за превенција од пушење, алкохол, дрога. Ваквите предавања се од голема корист за учениците за да ги согледаат последиците од пушењето, алкохолот и дрогата, и да го насочат своето однесување кон негирање на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците.<br>• Училиштето располага со сопствена кујна и свежо приготвена храна. Квалитетот на храната ја контролира неколку пати во текот на годината санитарната инспекција со земање на мостри. Сите вработени кои доаѓаат во допир со храната (готвач, садомијачки, домаќин) подлежат на редовни систематски прегледи.<br>• Сите вработени имаат задолжителен систематски прегледи во текот на годината.<br>• Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, а се обезбедени и инвалидски колички додека се во училиштето. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење, а постои и посебен тоалет што е достапен за нивна употреба. Ученици непречено можат да се движат во дворот и на првиот кат на училиштето.<br>Училиштето има обезбедено транспортер за ученици со телесен инвалидитет со чија помош ќе се овозможи движење на учениците на вториот кат од училиштето.<br>Стручната служба редовно врши посета во семејства на ученици кои наставата ја следат на далечина поради здравствената состојба,семејства кои се во социјален ризик и сл.<br>• За социјално загрозените ученици стручната служба во соработка со правни и физички лица од локалната самоуправа обезбедува облека, обувки,хигиенски , прехрамбени производи и сл.<br>• Стручнатаслужба доставува податоци до Министрство за труд и социјална политика за Образовен додаток(ОД) за ученици чии семејства се корисници на гарантирана минимална помош (ГМП).<br>• Обезбедување на потребената документација за ученици кои ги исполнуваат условите за конкурирање за стипенија за учениците со посебни образовни потребиод.<br>• Секоја учебна година училиштето бесплатно организира еднодневна екскурзија, посета на културно историски институции и манифестации и организира матурска вечер. |

**Резултати од анкетираните наставници (16)**

**4.1Севкупната грижа за учениците;**

***1.*Училишниот простор е безбеден за изведување на настава,100% или 16 од наставниците во целост се согласуваат**




**2.Дека инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот, спортската сала) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците и вработените - 93% од наставниците целосно се согласуваат,6,3% од наставниците делумно се согласуваат*;***




***3.*** **Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на учениците - се согласуваат 81% наставниците, делумно се согласуват 19% од вкупниот број на наставници*;***




***4.*** **Дека училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметат за психичко и физичко насилство - се согласуваат 94%од наставници и делумно се согласуваат 6%од наставници;**




**5.Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците - натавниците во целосно се согласуваат 100%;**




**6.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им пристапуваат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство - 100% се согласуваат дека е така;**




**7. Дека училиштето во целост го спроведува законот за заштита од пушење се согласуваат 81% од наставниците, 19% делумно се согласуваат;**




***8.* 100% од наставниците се согласуваат дека во близина и во училиштето не се достапни алкохол и дрога;**



**9.Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците – целосно се согласуваат 100% од анкетираните наставници;**




**10.Дека пристапот во училиштето е прилагоден за ученици со телесни пречки во развојот, се согласуваат 100% од наставниците;**




**11.Просторот во ходниците и тоалетите овозможува движење на ученици со телесни пречки во развојот - се согласуваат 93% ,а делумно се согласуваат 7%од анкетираните наставници;**




**12. Дека училиштето има пропишани процедури за учениците со телесни пречки во развојот се согласуваат 50% од наставници и делумно се согласуваат 50% од анкетираните наставници.**



;

**Резултати од анкетираните воспитувачи (7)**

**4.1Севкупната грижа за учениците;**

***1.*Училишниот простор е безбеден за изведување на настава,72% од воспиувачите се согласуваат,14% делумно се согласуваат и 14% не се согласуваат;**




**2.Дека инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот, спортската сала) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците и вработените - 100% од воспитувачите целосно се согласуваат*;***




***3.*** **Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на учениците - се согласуваат 57% воспитувачи и делумно се согласуват 43% од вкупниот број на воспитувачи*;***




***4.*** **Дека училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметат за психичко и физичко насилство - се согласуваат 86%од воспитувачи и делумно се согласуваат 14%од воспитувачите;**




**5.Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците - 86% во целосно се согласуваат и 14% делумно се согласуваат;**




**6.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им пристапуваат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство - 57% се согласуваат дека е така, а 43% делумно се согласуваат;**




**7. Дека училиштето во целост го спроведува законот за заштита од пушење се согласуваат 29% од воспитувачите, 57% делумно се согласуваат и 14%не се согласуваат;**




***8.* 100% од воспитувачите се согласуваат дека во близина и во училиштето не се достапни алкохол и дрога;**



**9.Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците – целосно се согласуваат 71% од анкетираните воспитувачи се согласуваат, а 29% делумно се согласуваат;**




**10.Дека пристапот во училиштето е прилагоден за ученици со телесни пречки во развојот, се согласуваат 71% од воспитувачите,а 29% делумно се согласуваат;**




**11.Просторот во ходниците и тоалетите овозможува движење на ученици со телесни пречки во развојот - се согласуваат 57% , а делумно се согласуваат 43%од анкетираните воспитувачи;**




**12. Дека училиштето има пропишани процедури за учениците со телесни пречки во развојот се согласуваат 100% од анкетираните воспитувачи.**



**4.1 Севкупна грижа за учениците**

**Индикатор за квалитет:**

Севкупна грижа за учениците

**Ниво на пстигнување – делумно задоволува**

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>-солидно опремени училници и спални соби;<br>-ограден училишен двор;<br>-видео надзор;<br>-организиран дочек и испраќање на учениците во нивните домови<br>-организирање на бесплатна матурска забава<br>-дополнителни предавања за штетноста од пушење, алкохол и дрога;<br>-навремена и квалитетна исхрана<br>-обезбедување на облека и обувки<br>-обезбедени парични средства за патни трошоци<br>-соработка со МВР<br>-интервенција на брза помош<br>-соработка со медицински центар<br>-соработка со ЦСР |
| **Слаби страни - слабости**;<br><br>**1.Портите на влезот на училиштето се отворени;**<br><br>**2.Дел од наставно- воспитниот кадар нема обука за давање на прва помош;** |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br><br>**1.Подобрување на безбедноста на учениците преку затварање на портите на влезот на училишниот двор;**<br><br>**2.Зголемена безбедност за време на викендите;**<br><br>**3.Обука за прва помош на наставно воспитен кадар;** |

## 4.2 Здравје

Теми:

- Хигиена и заштита од болести
- Грижа за учениците со здравствени проблеми

| | |
|---|---|
